Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 259/0306
05.06 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Министерство за здравство на Република Северна Македонија, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот „Лидер“, со текстот насловен „Филипче во нов скандал вреден 13 милиони евра: Ќе се централизира стерилизацијата на инструменти!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 мај 2019 година, Министерството за здравство на Република Северна Македонија, поднесе жалба за текстот со наслов „Филипче во нов скандал вреден 13 милиони евра: Ќе се централизира стерилизацијата на инструменти!“, објавен на 14 мај 2019 година, на Интернет - порталот „Лидер“ (www.lider.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна и навреда.

Од Министерството за здравство посочуваат дека во објавениот текст се изнесени паушални и произволни информации, кои не се засовани на основните правила на новинарството и каде преку прашална форма се имплицираат наводи кои се невистинити, недокажани и, над сè, ги доведуваат во заблуда читателите. Подносителот на жалбата, меѓу другото, вели дека уредникот на медиумот правел инсинуации за преферирање извесна компанија во врска со тендер објавен од Министерството, а кој што сè уште бил во тек и со тоа директно правел штета на самата тендерска постапка, која била тајна и доверлива.

Министерството за здравство смета дека во текстот се наведени тврдења и сведоштва од извори, кои не се именувани, а со тоа бил доведен во прашање и нивниот кредибилитет и вистинитоста на информациите.

*„Порталот не направил обид да го контактира Министерството за здравство, со цел да добие точна и проверена информација и со тоа во текстот да бидат запазени двете страни, а најмногу повиканата страна т.е Министерството за здравство*, се наведува во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет - порталот „Лидер“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот произлегува од јавниот интерес, дека јавните институции, во случајов, Министерството за здравство е легитимна новинарска цел, но дека авторот, кој не е потпишан на текстот, сепак, не обезбедил објективна информација во целост. Комисијата заклучи дека авторот отстапил од основното новинарско правило да побара „втора страна“, во случајов и од Министерството, кое е предмет на сомнежи. Комисијата се согласи дека ставот на министерот за здравство Филипче, пренесен од медиумот на крајот од текстот, не може да се смета за „втора страна“, затоа што се работи за одговор кој министерот го дал еден месец претходно и се однесува на тема која не е директно поврзана со наводниот „скандал“, во кој наводно бил инволвиран Филипче, а за кој пишува „Лидер“. Оттука, Комисијата најде дека медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој особено се издвојуваат следниве реченици од текстот:

***„На повидок нов скандал во здравството. Министерот Венко Филипче подготвува централизација на бизнисите со стерилизација во здравствените установи. Се подготвува ли централниот бизнис со стерилизацијата да го преземе под своја капа, бизнисмен близок до владејачката СДСМ?“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците се морални императиви на новинарот и затоа тој е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Комисијата не е надлежна да ги утврдува фактите во текстот, но во случајов авторот лесно можел да ја провери информацијата ако побарал став и од Министерството за здравство.

На тој начин, новинарот ќе обезбедел потполна информација и ќе ги отстранел евентуалните сомнежи околу веродостојноста на податоците, дадени од анонимните извори, како што е во следниов дел од текстот:

***„Министерот Венко Флипче пред распишувањето на тендерот без никакво образложение го избегна на само 8 часа пред почетокот на консултативниот состанок минатиот месец, кој беше претходно најавен, на кој требаше да се чујат мислењата од целата засегната стручна фела, здравствените експерти и докторите од министерството за здравство – тврди изворот на Лидер“.***

Критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции и државни установи, се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Лидер“ (www.lider.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595